тие кои ќе добијат најстрога казна на Судниот ден, се луѓето кои го имитираат Аллаховото создавање преку слики

Од Аиша, мајката на верниците, радијаллаху анха, се пренесува дека кажала: „Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, еднаш се врати од своето патување, а јас ја покрив полица во мојата соба со завеса која имаше слики на себе. Кога Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ја виде, ја тргна и лицето му се измени, па рече: ‚Аиша, тие кои ќе добијат најстрога казна на Судниот ден, се луѓето кои го имитираат Аллаховото создавање преку слики.‘, потоа Аиша рече: ‚Ја исековме и од неа направивме една или две перници.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, еднаш влегол во куќата на Аиша, радијаллаху анха, а таа покривала мала полица со завеса на која имало слики од живи суштества. Пратеникот тогаш се налутил, ја оттргнал и рекол: Најтешка казна на Судниот ден ќе имаат тие преку своите слики го подражаваат Аллховото создавање. Аиша кажала: Од таа завеса направивме една или две перници.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5931